## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30.01.2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11.14 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места. Исто така и претставникот на Владата.

Пратениците Бесим Догани, Марјан Додовски, Илија Димовски, Гариб Каба, Горан Мисовски, Ристо Пенов, Тито Петковски, Даниел Дончев, Љубчо Георгиевски, Сафет Незири, Блерим Беџети, Абдулади Вејсели, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска, Дату Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Џевад Адеми, Рафис Алиу, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани и Тахир Хани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со 5-та точка од дневниот ред- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комун икации, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Пред нас е еден краток текст на Предлог за изменување на законот за електронски комуникации, кој што во суштина ако не се смета амандманот кој што Владата го достави и се однесува на друга проблематика во делот на законот, сака да постигне две цели. Значи дефинирано е во две причини.

Првата причина е Владата сака преку ангажирање на некој независен и надворешен ревизор да даде појасна слика за работењето на Агенцијата за електронски комуникации, односно Комисијата или претседателот или директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Втората причина е кадровска, значи преку одредени промени или одредби во членот на законот се настојува да се заострат условите за повикување на одговорност на членовите на Комисијата или директорот на Агенцијата за електронски комуникации. Искрено да ви кажам ова е втор пат како овој закон се настојува од страна на Владата да се протурка пред овој собраниски состав. Првиот пат беше неуспешен бидејќи наиде на силен притисок од страна на експертите од Советот на Европа, кои што се нагажирани на полето на електронските комуникации. Беше сугерирано дека не е добро на овој начин да се прејудицираат нештата, да се предизвикуваат кадровски промени. И тој законски текст беше повлечен од собраниска процедура. Сега искрено да ви кажам иако ја разбирам која е потребата на Владата не ми е јасно зошто е толкавото брзање. Овој текст беше поставен како точка на дневен ред број 9 на 23-та седница, која што од објективни или субјективни причин, да не навлегуваме не е продолжена, и сега јас ја користам оваа прилика да го прашам претседателот на Собранието зошто е прекршена процедурата која што е наложена во Деловникот, овој законски текст, оваа точка што не е повлечена по писмен пат од таа седница и да им се достави информација на пратениците за итноста на потребата од усвојување на оваа измена на законот и е поставена на 28-та седница.

Значи, ќе се навратам повторно на потребата или итноста, не е логично, да се осврнам малку на двете причини, кои што се наведени во Предлог-текстот. Се сугерира промена на членот 10 во постоечкиот Закон во кој што се додава став 3 по точката Г, се додава нова точка Д, во која што се бара надворешен и независен ревизор. Логично е прашањето зошто надворешен независен ревизор, зошто не се користи постојниот Државен завод за ревизија. Владата има инструменти, Владата има и механизми, секогаш по потреба, доколку пројави одредено сомневање по забрзана постапка да ги ангажира ревизорите од Државниот завод за ревизија да добие појасна слика. Министерот при реплицирањето на еден од пратениците вчера појасни дека изразува сомневање во работењето на Комисијата, односно директорот на Агенцијата за електронски комуникации. Дозволете, навистина тоа не држи логично објаснување, зошто за повикување на одговорност на некој кој што не си ја врши добро работата, или се појавува кај вас сомнеж дека се предизвикале одредени финансиски малверзации, за тоа да се започне постапка за измена на Законот. Постојат процедури, постојат механизми кои на кој начин може да се санкционираат такви дејства. За тоа не ви треба потреба од промена на Законот. Уште повеќе, ако добро го прочитате членот 10 од постојниот Закон за електронски комуникации, ќе видите дека законодавецот добро разработил механизам за отчетност и во делот на материјално финансиското работење на Агенцијата за електронски комуникации, односно Комисијата, бидејќи Агенцијата е должна за својата работа до 31 март во тековната година да достави извештај за претходната година до Собранието на Република Македонија. Значи ние треба да очекуваме во наредниот месец да добиеме

извештај од Агенцијата за електронски комуникации за тековната работа во 2006 година, бидејќи пишува под Г во истиот член: “Извештај за извршување на Финансискиот план на Агенцијата”, а во претходниот член “Извештај за состојбата на средствата во Фондот за универзална услуга”. Нема шанса овој собраниски дом, кој што го изгласал овој состав да не отвори расправа за нивната работа. Значи вие прејудицирате предвремено нешто, кое што во правната реторика се нарекува презункција на невиност. Претходно обвинувате некого дека сторил некое дело. Слушнав некои квалификации вчера, кои што, до колку ги проверите тие информации ќе видите дека лесно се оборливи, дека директорот на Агенцијата проневерил некои пари за лични потреби за школување и тн. И тоа да е така, тоа не значи дека треба да се пристапи кон промена на законскиот текст.

Првото прашање зошто не се користат услугите на Државниот завод за ревизија во кој што можете да ја добиете сликата за да ги оправдате вашите сомневања или не, зошто ви е потребен независен надворешен ревизор, освен ако не намеравате, сега јас правам некои инсинуации, по ваш терк да нарачате некој ревизорски извештај од некоја куќа која што ќе состави на начин кој што ви одговара за политички цели. Не би сакал тоа да го верувам, но логичното расудување наведува на такви размислувања.

Понатаму, втората причина, значи го доразработувате механизмот за предвремено разрешување на директорот на Агенцијата за електронски комуникации, односно на Комисијата, во која што во членот 16 став 1 се менува и гласи, да не цитирам, при изборот во предвид ќе се земе професионалното, меѓународното и менаџерското искуство во областа на електронските комуникации.

Ако го погледнете членот 16, кој што се однесува на директорот на Агенцијата, добро е дефинирано дека треба да е државјанин на Република Македонија, да има завршено високо образование од областа на електротехничките науки, правото или економијата, со работно искуство над пет години и со посебни знаења од областа на електронските комуникации, како и да поседува организациски и раководни способности. Ова е извртување на вокабуларот и е вметнато само меѓународно искуство. Дали тоа значи дека имате намера за директор на Агенцијата за електронски комуникации да носите лице кое што не е државјанин на Република Македонија од надвор, бидејќи меѓународното искуство, тоа е растеглива категорија. Дали мислите да носите повторно некој од дијаспората, кој што има македонско државјанство, но од подолг временски период работи надвор и живее. Имате ли кадровско решение за кое што треба да го менувате Законот. Во постојниот член на Законот навистина, нема и да имате такво законско решение, нема никаква законска пречка тоа да го остварите. Значи втората приина, која што за мене не е логична да се менува Законот за некоја постапка, која што сакате да ја спроведете, Законот го дава и во сегашната форма тоа.

Во членот 15, каде што се дефинирани одговорностите на членовите на Комисијата за електронски комуникации, значи тука навистина сте биле жестоки. Пишува меѓу другото, до колку се утврди дека при извршување на функцијата сам или заедно со друг член од Комисијата, делува спротивно на основните цели на Законот и коегзистентната имплементација на системот на електронски комуникации, како што е предвидено во Законот, а кое може да се утврди од извештајот на ревизорот за степенот за постигнување на законската надлежност на Агенцијата и под Д, поради нестручно непрофесионално и несовесно извршување на функцијата претседател или член на Комисијата на полето на материјалното и финансиското работење, констатирано во извештајот на ревизорот. Сте го погледнале ли актуелниот состав на членовите на Комисијата? Јас најодговорно од оваа говорница ви тврдам дека тие не се членови на политичка партија. Тие се универзитетски професори, навистина респектирани и пред домашната и меѓународната јавност. Имаат една навистина завидна биографија професионална и лична ако сакате, имаат навистина богат опус во делот на електронските комуникации на професионален план и вие навистина прејудицирате нешто, кое што се однесува директно на нив, бидејќи едниод од нив ми е колега на Техничкиот факултет во Битола. Јас можам да ви пренесам дека страшно е навреден заради односот или инсинуациите кои што се рпават во овој момент со едноставни зборови кажано вели: “Јас сум настојувал во животот со градење на својата професионална кариера да направам некое реноме и сега само заради некој сплет на околности, заради кои што сум од интерес и на мојата земја, бидејќи секој од нас различно чувствува потреба да се вклучи во активностите на разрешување на одредени проблематики во Македонија, со самиот факт што од сплет на околности сум се нашол како член на Комисијата, ми ги рушите сите оние мои борби и заложби да постигнам одредено реноме”. Навистина, да ми одговорите како ревизорот ќе утврди дека член на Комисијата неправедно работел. Како тоа ќе го постигне . Ревизорот оценува и проценува врз основа на постоечката документација како се постапувало по одредени финансиски трансакции. Членовите на Комисијата не го прават тоа. Тие не се потписници на документација. Потписник е директорот на Агенцијата за електронски комуникации. Ако за него изразувате сомневање и барате ревизија, ви се молам како може од член на Комисијата да барате одговорност заради материјално финансиското работење на Агенцијата за електронски комуникации. Ќе се провлечат нивните имиња низ весниците. Навистина, сите

ние треба овде да внимаваме како се руши авторитетот на една личност, директно или индиректно, на овој или на оној начин со сакање, или без некоја намера. Јас ова го соопштив и на Комисијата за транспорт и врски. Вие ме уверувате дека не се причините од политичка природа, ниту се причините од кадровска природа. Сега излезе дека се причините од кадровска природа, а не можете никако да ме уверите дека не се причините од политичка природа. Здрави били па видели, велат Србите, па ќе видиме кои членови на Комисијата вие ги предлагате. Во досегашните постапки на измени на други членови на други комисии не дадовте уверлив одговор дека не сакате да правите политизација на се и сешто. Не дадовте уверување пред нас и пред јавноста дека не сакате да ставите капа на се и навистина, би сакал да слушнам, да бидам демантиран од ова мое уверување, јас би се извинил. Но, сите овие постапки наведуваат на таков заклучок.

Со последниот амандман се пристапува кон третиот дел на промена на Законот. Во делот на давање на концесијата на АД Мобимак и АД Космофон, навистина не би сакал тука да навлегувам, колегата Макрадули подетално за тоа зборуваше. Очигледно е дека треба подетално и попрецизно објаснување зошто е тоа направено. За мене, образложението е конфузно напишано. Можеби сум очекувал поинаква реторика, но сум наишол на таа.

И конечно сега да го резимирам прашањето: Зошто се пристапува кон измена на Законот? Ако во јавноста слушаме и тие креативности не ги криеме дека Министерството за транспорт и врски, односно Владата на Република Македонија сака да ги спои во едно координативно тело, Агенцијата за електронски комуникации, Советот за радиодифузија и активностите околу поштата, не сум видел, но информациите се такви, можеби не се точни дека имате и дравт верзија на закон, тогаш зошто ви е потребно ова. Навистина логично е ако се спремате за една таква активност во која што навистина ќе ги промените насоките на управување во овој сегмент, во оваа сфера, зошто ви е потребна измена на Законот за електронски комуникации за кој што ќе расправаме во текот на овој месец, или идниот месец за нова измена на Законот. Логично прашање, освен ако не ви се брза, освен ако имате некои политички проценки, или треба да се оддолжите политички на некој човек. Навистина е нелогично објаснувањето кое што го добив и на Комисијата за транспорт и врски на која што, кога го поставив тоа прашање ми беше одговорено дека прејудицирам некои работи и дека тоа не е баш така и дека се не е завршено.

Создавањето на едно координативно тело кое што ќе ги обедини Агенцијата за електронски комуникации и Советот за радиодифузија е друга тема која што отвара простор за многу други шпекулации, меѓународната јавност, Советот на Европа односно Европската комисија преку своите експертски тела секогаш ви сугерира при посетите на одредени експерти дека треба длабоко да се размисли за вакви постапки, но не велам дали се добри или лоши бидејќи треба да се отвори расправа при една подлабока анализа. Словенија, Босна и Херцеговина и др направиле такво нешто и сеуште ги преиспитуваат позитивните или негативните аспекти на тоа нивно решение. Значи има аргументи и за и против околу еден таков чин. Овој простор е мал, ова е етар кој што се користи и наведува на фактот дека треба да биде координирано од едно тело, но не владина институција, не министерство. Мислам дека тоа ви е сугерирано и повторно ќе ја отвориме таа расправа, значи се избегнува владините институции, министерствата да управуваат со вакви независни тела, се сугерира законодавниот дом кој што ги основал преку соодветен акти или ги избира од кадровски аспект, да изгради механизми за нивна контрола и санкционирање, како што впрочем е и во постојниот текст на законот.

Не би сакал повеќе да должам. Поставив неколку логични прашања и доколку чувствувате дека би требало да се одговори, навистина не гледам логика во измена, и тоа брза измена, преместување од една седница на друга седница по итна постапка само за два члена, освен ако не постојат длабоки политички намери. Мислам дека тоа не е добро. Треба да се стави една граница на добриот вкус, до каде можеме да одиме, а до каде не. Македонија и македонското општество и така е премногу исполитизирано од овие или оние причини. Можеме да навлегуваме кој тоа прв го почнал, кој е повеќе крив, кој не е крив, но треба да се стави граница каде и во кои сегменти длабоко не пенетира, не навлегува дневната политика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурално има збор пратникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, и вчера најавив во своето излагање, а го читам стенограмот и гледам дека министерот се согласи согласно правилата на игра во Собранието да биде разгледан овој закон и на комисијата, согласно член 76, бидејќи во самата законска материја се повикува на директиви од Европската комисија, од Европската унија. Барам Комисијата за европски прашања да го разгледа овој текст како што тоа го направи во минатото и да даде мислење или да го разгледа мислењето од Европската комисија за усогласеноста на овие законски промени со европските директиви. Претпоставував дека господинот Петковски како претседател на Комисијата за европски прашања, бидејќи вчера тоа јавно го најавив, самиот ќе иницира, но бидејќи за жал нема иницијатива од негова страна, согласно член 76 од Деловникот, барам поддршка од десет пратеници за да се

изјасни Собранието овој закон да се упати на разгледување на работното тело. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали имате поддршка од десет пратеници?

(Повеќе пратеници креваат рака).

Добро, ќе го ставам предлогот на изјаснување на Собранието.

Молам, службите да доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи немаме доволен број на пратеници за гласање, предлагам да му дадеме збор на министерот и после тоа ќе дадеме половина час пауза.

Има збор министерот за транспорт и врски, повелете.

**Миле Јанакиески:** Многу внимателно го слушав господинот Герамитчиоски. Би му одговорил на сите поставени тези и прашања.

Вие напоменавте дека нема да дозволите извештајот да не биде разгледуван на седница на Собранието. Јас би ве запрашал дали во 2006 година Собранието го разгледувало извештајот за работата на Агенцијата, што согласно законот треба да биде усвоен од Комисијата. Тоа е првото прашање.

Во делот што се однесува на надворешен и независен ревизор, член 1 од измените на законот, сакам да ве информирам дека независен надворешен ревизор го опфаќа и Државниот завод за ревизија. Ова го ставивме бидејќи во Македонија функционира и внатрешна ревизија, која е во рамките на Министерството за финансии, па затоа не сакавме да направи внатрешната ревизија извештај па потоа да се зборува дека тоа е политичка ревизија. Значи надворешен независен ревизор го опфаќа и Државниот завод за ревизија.

Го спомнавте меѓународното искуство. Министерството за транспорт и врски и Владата, согласно препораките на Комисијата за транспорт, врски и екологија зборот "меѓународна" ќе се избрише и уште од сега напомнувам дека ќе го прифатиме тој амандман за да се овозможи граѓаните кои стекнале искуство во Република Македонија да имаат еднакви услови при избор на директор на Агенцијата за електронски комуникации.

Спомнавме дека на некој ваш колега ќе му се наруши интегритетот. Јас никогаш не сум спомнал дека поединечно ќе ги разрешуваме и поединечно ќе ги прозиваме, туку ќе одговараат само оние членови кои постапиле спротивно на законот. Доколку не постапат спротивно на законот, тие до крај ќе го изработат својот мандат. Значи нашата цел не е поединечно да ги линчуваме членовите на Комисијата, туку да одговараат оние членови кои постапиле спротивно на законот.

Од друга страна, напоменувам дека Агенцијата го усвојува Извештајот од Комисијата.

Во делот на новите закони можам да ве информирам дека навистина ќе има една општа расправа, каде ќе бидат поканети сите членови на Собраниската комисија и навистина сакаме да направиме еден закон кој ќе биде функционален и кој ќе ги уреди како електронските комуникации, така и радио дифузниот сектор, така и новиот поштенски пазар, кој ќе го либерализираме со новиот закон за поштенски услови кој набрзо ќе дојде во Собранието, бидејќе веќе е доставен во владина процедура.

Се надевам дека одговорив на сите ваши прашања и сугестии.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Тале Герамитчиоски. Повелете три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министер, прво, Комисијата, Агенцијата за електронски комуникации ми се чини дека беше избрана за прв пат во јули 2005 година. Додека се конституира, додека не се изработи деловник за работа на Комисијата, додека не се запознаат со делокругот на работа, додека не профункционира Агенцијата не може да очекувате за 5-6 месеци да направи некои финансиски малверзации и можеби од тие причини Собранието во тогашниот состав, не знам, преудицирам, не го поставила на дневен ред овој извештај, иако добро ви е познато и навлеговме во изборна година во која еден огромен број на закони кои приоритетно требаше да се донесат во 2006 година во функција на изборите беа приоритет на тогашниот состав. Но, јас не би сакал повеќе да навлегувам во тоа, нивна работа е зошто тоа не го разгледувале. Не значи дека треба сега да се прејудицира дека законот ќе се крши и ние за претходната 2006 година нема да го разгледуваме извештајот како што е дефинирано во закон, до 31 март тековната година и оваа година очекуваме да го разгледуваме извештајот.

Околу ревизијата, извинете, но надворешен ревизор и државен републички ревизор не е исто. Јавните институции особено Владата на Република Македонија треб да изрази максимална доверба во Републичкиот државен завод за ревизија и треба да биде користен бидејќи е најстручен и најрелевантен во своите оценки, како што впрочем ние во разни состави во Собранието сме ги разгледувале нивните извештаи. На вас како Влада како инструменти ви стојат два механизми, или кај претпријатија кај кои немате директен увид, можете да ја ангажирате Управата за јавни приходи за да добиете финансиски извештај, или кај јавните претпријатија и институции со ангажирање на Државниот завод за ревизија. Тоа не е ништо спорно, освен ако е потребно некој надворешен независен ревизор како што е наведено да биде вклучен во некои активности за да добиете поинаква слика и тоа наведува на некои заклучоци.

Околу она што го кажавате за законите, јас се надевам дека ќе отвориме друг пат расправа на тој план, а би ве замолил да спречите секакви претпоставени ситуации на линчување на постојниот состав на Комисијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за министерот Јанакиески.

**Миле Јанакиески:** Претходниот собраниски состав воопшто не е виновен. Доколку некој не ви достави материјал, не можете да разгледувате на дневен ред некаква точка. Значи никој не е амнестиран таму ако бил само шест месеци, па сега треба да достави извештај. Во законот децидно стои до кога треба да се достави извештајот. Извештајот не е доставен и никој ништо не презел, значи не е санкциониран. Значи собранискиот состав воопшто не е виновен, собранискиот состав не добил материјал за разгледување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓица Славица Грковска, повелете. (Пратеникот Грковска сака да зборува после паузата).

Да не преферирате сега да земете збор, па ќе дадеме пауза. (Не)

Објавувам пауза од 30 минути.

(Паузата започна во 11,45 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,54 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да си ги заземете своите места.

Продолжуваме по паузата.

Процедурално во врска со гласањето, госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Пред да преминеме на гласање јас би сакала да го кажам следното:

На 20 декември 2006 година Комисијата за транспорт, врски и екологија на Собранието го разгледуваше предложениот текст за измени и дополнувања на Законот за електронски комуникации. Од претставникот на Владата на истата седница беше кажано дека има добиено согласност од Европската комисија така што на таа седница Комисијата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе предложениот закон за измени и дополнувања на текстот на Законот за електронски комуникации.

На истата седница исто така беше усвоен амандман. Ова сакав колеги пратеници пред да преминеме на гласање да го имате во предвид за да понатаму продолжиме по овој закон и да го изгласаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали можеме сега да преминеме на гласање.

Предлогот на господинот Макрадули Комисијата за европски прашања да го разгледа овој предлог, клаузибилитетот на овој предлог на закон за кој говориме.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме под една претпоставка дека имаме кворум, а ако е тесно, ќе преброиме пак.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, за гласале 20, воздржано 1, против 44.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Продолжуваме со расправа.

Процедурално бара господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Со оглед на тоа што имаме протести од стечајните работници пред Собранието, Собранието е блокирано, ќе побарам поддршка од колегите пратеници за да ја прекинеме седницата со расправа за да може да се оствари средба која треба да се оствари со координаторите на пратеничките групи што ја бараат работниците иако знам дека претходно имавте средба, заради притисокот и заради инцидентот што се има случено надвор, треба да покажеме малку доблест да поразговараме со тие луѓе и на сите нас да ни проработи совеста,

реков дека почнаа да не препознаваат, не можеме вешто да манипулираме повеќе дека наводно перманентно ја одлагаме точката на дневен ред која треба да се расправа за стечајците.

Иако имаат сериозни проблеми, мислам дека како пратеници не сме пратеници на Груевски или на било кој од лидерите, туку пратеници избрани од граѓаните на Република Македонија, па дајте малку да покажеме совест и доблест да почнеме да разговараме за ова прашање кое ги тишти овие луѓе. Навистина имаат сериозен проблем штом дошле пред Собранието, блокирано е Собранието, се создава се поголема тензија и мислам дека нема потреба од такво нешто, туку да седнеме и да поразговараме и конечно да почнеме да работиме по она што е Предлог на закон кој ќе го реши проблемот на стечајците.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, јас сакам да ве известам дека имав средба со нив од еден час, целата ситуација е под контрола. Јас им ветив дека наскоро ќе имаат средба со сите координатори, истовремено со сите и со мене, таа средба е веќе закажана, само времето е опционално, а времето е опционално затоа што некои координатори се зафатени со Мешовитата комисија на Европскиот парламент, затоа предложив бидејќи нема многу дискутанти, да го заклучиме првиот дел и тогаш да имаме состанок. Салата е определена тоа е двојката, нивната бројка е определена, тие ќе дојдат околу 120

души, според тоа нема потреба за разгорување на страсти од тој тип, се е во најдобар ред. Сите координатори ќе имаат прилика да кажат дали се за тој закон или не, нив ги интересира кој како ќе гласа кога законот што е уврстен како точка 24 од 12-тата седница ќе дојде на ред. Благодарам.

Дали можеме сега да продолжиме да работиме, да не чекаме, кога ќе се заврши таму седницата, тогаш можеме да дадеме пауза. Ветена им е пауза од 15 минути со која тие се согласија, не им е ветен внатрешен митинг со народни трибуни. Тоа да се разбереме. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе имав предлог, воопшто не е прашањето дали ќе има пауза или не, прашање е на приоритет и мислам дека е многу поважно да почнеме да разговараме за тие луѓе, за нивните судбини отколку да разговараме дали ќе ги смениме членовите во Комисијата за телекомуникации или секторот на Агенцијата., ќе ве молам.

**Љубиша Георгиевски:** Се работи за тоа што ние имаме луѓе кои даваат конференција за печат заедно со пратениците на Европарламентот. Тука не се работи за приоритет не замислувајте дека ќе ја прекинам седницата пред пратениците на Европскиот парламент затоа што има демонстрации.

**Оливер Спасовски:** Претседателе, очекував дека ќе ме сослушате, имам предлог, ова не е кревање на тензија, едноставно приоритет во прашањето. Ако имавме приоритет и малку сенс и доблест од парламентарното мнозинство немаше постојано да ја одолговлекуваме 12-тата седница и да дојде до ваква ситуација.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е политички став.

**Оливер Спасовски:** Добро, но тоа треба да ни го соопштите дека имате политички став и не сакате да ги решавате проблемите на стечајните работници. Ве молам, имам предлог, ставете го на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Како мислите пратениците на парламентарното мнозинство нема да дојдат таму? Како мислите, тие ќе молчат таму. Немојте ве молам.

**Оливер Спасовски:** Барам поддршка од десет пратеници предлогот да се стави на гласање и така да постапиме како што предлагам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Кој предлог, тоа е ветено. Јас сум го ветил.

**Оливер Спасовски:** Според Деловникот сакам сега во овој момент да се гласа за тој предлог. Тоа право вие не можете да ми го ускратите.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете. Кој предлог?

**Оливер Спасовски:** Предлогот да ја прекинеме седницата сега во овој момент, да разговараме со стечајните работници и координаторите и да почнеме да работиме по 12-тата седница на која ќе разговараме за Предлогот за изменување и дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување или популарно наречен закон за стечајни работници.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа вака се прави, ќе ве поучам како се прави деловнички. Се бара пауза, јас ја давам паузата и без протекторати, што би рекол Вапцаров.

**Оливер Спасовски:** Претседателе, немате потреба да ме учите заради тоа што ова е процедурата која ви ја кажав, барам поддршка од 10 пратеника овој предлог да се стави на изјаснување.

**Љубиша Георгиевски:** Не е тоа процедурата, барајте пауза и ќе добиете. Ако не ви е важна паузата, а важно е да давате трибунски изјави, продолжете.

**Оливер Спасовски:** Тоа не се трибунски изјави, барам да го почитувате Деловникот и да го ставите на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, пауза од 15 минути.

(Реакција од страна на пратениците).

Што е вашиот предлог?

**Оливер Спасовски:** Два пати го кажувам предлогот, ќе го кажам уште еднаш, барам поддршка од 10 пратеници.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, за гласале 21, воздржано 1, против 45 пратеника.

Според тоа, предлогот е одбиен.

**Оливер Спасовски:** Ви благодарам, сега можете да дадете пауза ако милувате и ако имате искрени намери...

**Љубиша Георгиевски:** Не, не милувам сега да давам пауза.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Еве, за жал, јавноста има прилика да види дека на парламентарното мнозинство не му е приоритет ветувањата кои ги даде на граѓаните за исполнување на нивната Програма од 100 чекори и на ветувањата, меѓу другото, и на стечајците дека ќе го реши нивниот проблем штом ќе ја земе власта, туку дека е поприоритетно да се измени Законот за електронски комуникации и со тој да се смени составот на Агенцијата со што ќе се продолжи со тенденцијата за партизација на јавната администрација, за партизација на регулаторните тела, нешто што е практично неспорно во европските земји кои инсистираат на независни регулаторни тела кои ќе бидат надвор од капата на државата и ќе можат да работат независно.

Претпоставувам дека е тоа еден од предизвиците со кои парламентарното мнозинство ќе мора да се соочи дека давале лажни ветувања за време на

предизборната кампања само за да ја земат власта, но откако ќе ја земат власта радикално се менува ситуацијата и треба да објаснат зошто, ако ветувале на стечајците дека ќе им го реши нивниот статус сега тоа не можат да го направат. Сега приоритетите се други, приоритети се менување на членовите на Агенцијата за електронски комуникации. Јас сум потполно свесна дека во ваква атмосфера во Собранието не се дозволени различни коментари особено не коментари кои не одат во прилог на парламентарното мнозинство, ниту на Владата затоа што тука редовно имаме интервенции од претседателот на Собранието и секогаш кога ќе се спомне името на премиерот Груевски што е нормална работа во парламентарна демократија. За жал, се покажува особено во овие последни 6 месеци дека она што е нормално во другите парламентарни демократии изгледа не е нормално во Парламентот на Република Македонија, па се толкува Деловникот или се применува Деловникот онака како што му е волја на парламентарното мнозинство.

Бидете убедени дека ниту еден нов Деловник што ќе го донесеме, до колку има ваква клима во Собранието нема да ја реши ефикасноста или атмосферата во Собранието. Тоа се прави со волја и тоа се прави со слух на парламентарното мнозинство, а најмногу на претседателот на Собранието кој е должен да го спроведува Деловникот.

Зошто сметам дека има прилично контрадикторности кога станува збор за измените во Законот за електронски комуникации? Заради тоа што целата процедура со која почна предлагањето на овој закон е прилично симптоматична. Беше ставен еднаш на седница на 23-тата седница без да се почитува Деловникот е ставен на оваа седница, без да се повлече, меѓутоа, најмногу заради тоа што има неуспешни обиди да се прикријат вистинските причини заради кои се предлагаат овие измени.

Јас ќе се задржам на излагањето на министерот Јанакиески кој вчера не удостои со образложение за побудите зошто се предлагаат овие измени и тоа е добро затоа што ние бевме сведоци на претходната точка на дневен ред кога амандманите кои беа многу сериозни од страна на пратениците министерката за економија воопшто не чувствуваше потреба да ги прокоментира во најмала рака заради интерес на јавноста или заради интересот на онаа група граѓани кои ќе бидат засегнати од нив, што е сосема спротивно од определбите за транспарентност на Владата.

Она што е контрадикторно е тоа што господинот Јанакиески вчера кажа дека не се работи за персонални промени или кој ќе биде назначен цитирам или дефинирана е личноста, истакна дека има многу солидна соработка со Агенцијата од една страна за да веднаш подолу, да нема дилеми, го читам од стенографските белешки, веднаш подолу да го рече следното:

Што беа побудите за едни вакви измени, сигурно го имате видено Извештајот за 2004 година, јас не би го замарал многу Собранието, само ќе кажам колку дубиози има направено и колку е оштетен Буџетот на Република Македонија.

Подолу: ние и на ваков еден негативен Извештај од Агенцијата во моментот, согласно Законот, не може да се покрене постапка во Собранието за промена на оние што ја направиле таа дубиоза.

Ова ја отсликува реално вистинската причина зошто овој закон е предложен.

Она што се случи на Првата седница на Владата, а тоа е смена со една бланко одлука на повеќе од 500 избрани и именувани лица. Она што се случува во целиот период од практицирање на власта на парламентарното мнозинство, а тоа е обид за потполна партизација на сите можни начини без никакви скрупули продолжува по секоја цена и со Агенцијата за елктронски комуникации затоа што очигледна е тенденцијата оваа гарнитура да стави контрола практично врз сите органи и врз сите јавни претпријатија што е, да речам, до некаде сватливи.

Меѓутоа, не е сфатливо да не се почитуваат ниту препораките од Изештајот на Европскта комисија, ниту пак препораките на Холанската и на Норвешката влада кои што инсистираат да не се менуваат кадрите кои што работата и во царината и во други проекти што биле финансирани од овие две држави, за да се сменат со партиски кадри, затоа што на тој начин не се прави речиси ништо. Дури непомогна и тоа што овие две држави рекоа дека ќе ја повлечат помошта што ја даваат на Република Македонија, заради тоа што на тој начин со таква партизација на кадрите и со такво менување на оние кадри во кои што инвестирале европските држави за подобро функционирање на нашите институции, ќе нанесе штета. Мислам дека таа е тенденцијата и со Агенцијата за електронси комуникации, за жал.

Сега јас би се задржала на неколку поенти од излагањето на министерот. Вели дека има многу дубиози кои што се направени и дека е оштетен Буџетот на Република Македонија. Јас не сакам да навлегувам во Извештајот, заради тоа што не сме го виделе од ревизијата, а се надевам дека ќе имаме прилика да го разгледувами и тогаш ќе дискутираме за тоа. Меѓутоа, ако навлегуваме во прашањето на дубиози во Буџетот, тогаш може да отвори една цела лепеза на причини заради кои што ние би можеле по многу прашања да дискутираме на ова Собрание. На пример, Министерството за транспорт и врски, јас очекувам на ова министерот да ми одговори, ова министертсвто испрати до сите пратеници покана за донација за Милениумскиот крст. Тоа беше акција на една невладина организација и јас прашувам дали со ова не се нанесе штета на Буџетот од кои средства Министерството за

транспорт и врски, од која стапка во Буџетот оддели средства за да помогне на оваа невладина организација. Прашувам, дали сите невладини организации кои што имаат слични активности, можат да се обратат до Министерстовото за транспорт и вркси, па ова Министерство да плаќа покани и тоа со брза пошта, кои што се значително поскапи во име на невладината организација и така финансиски да помогне. Дали тука не можеме да зборуваме за оштетување на Буџетот и дали тука не можеме да зборуваме за одговорност или пак за дубиози.

Велите дека доколку овие измени не се прифатат, Собранието не може да покрене постапка за оние што ја направиле таа дубијоза. Сега јас логично би го поставила прашањето кој точно ќе утврди кој ја направил таа дубиоза. Дали е тоа Министерството за транспорт и врски. Ако веќе има индиции дека некој направил дубиози, тогаш бидејќи нема партија која не се залага тука за ред во државата, тогаш би требало логично да се префрли одговорноста на оние институции кои што се матично одговорни за санкционирање на ваквите појави. Меѓутоа, претпоставувам дека во наплив на популистичката кампања околу организираниот криминал, во наплив на такви спектакуларни апсења кои што се единствено во функција на некаков доказ дека Владата се справува со организираниот криминал за сметка на други кои што се од парламентарното мнозинство за кои се чека да се создадат услови за апсење, претпоставувам дека тенденцијата е по секоја цена да се етикетираат одредени членови на Агенцијата и на тој начин да се наштети на нивниот углед без да имаме сериозни индиции дека токму тие што ќе бидат предложени за смена или што ќе бида констатирани дека направиле дубиоза, во таков еден нелегитимен пат, ќе бидат само етикетирани и искористени за да бидат заменети со некои партиски кадри. Значи, доколку намерата е искрена и доколку се навистина толку сериозни обвинувањата за дубиози во Буџетот што го користела и оштетен Буџетот на Република Македонија, тогаш јас мислам дека би требало да поднесете кривична пријава за оние што имаат индиции дека го направиле тоа. Откако во процедура ќе се докаже дека тие го направиле тоа, после судската постапка јас очекувам да дојдете во Собранието и да кажете дека има извршна постапка од судски органи, дека тие и тие лица направиле дубиози и согласно членот во Законот кој што веќе постои дека “член на Комисијата ако е осуден за кривично дело за кое што е предвидена казна затвор во траење подолго од 6 месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење подолго од 6 месеци, може да биде разрешен”. Значи, нема никакво оправдување овие ваши образложенија да бидат прифатени како основа за разрешување на одредени члненови на Комисијата, освен повторно ќе кажам, ако не е интенцијата етикетирање на одредени членови и практички партизирање на Агенцијата за електронски комуникации.

Понатаму, велите дека интенцијата била и е, без разлика дали ќе биде променте составот да може да се санкционира работата на Комисијата согласно Законот. Значи, со цел да се зголемат санкциите. Сега, јас, бидејќи вие сте претставник на Владата ќе ве прашам, заради тоа што, еве да речеме, да ја поздравам интенцијата за зголемување на санкциите и за намалување на можностите за злоупотреба. Како тогаш го објаснувате фактот што со Законот за извршување на Буџетот ние ќе ги плаќаме кредитите на министрите кои доаѓаат од странство за нивните имоти што ги купиле, а немаме можност и за тоа не можеме да зборуваме, за оштетување на Буџетот затоа што вие практички ја озаконивте таквата можност за оштетување на Буџетот. Еве, одговорете ми како претставник на Владата, нели е тоа гест за оштетување на Буџетот, нели се тоа дубиози, но озаконети, и какви санкции може да преземете, доколку ние утврдиме дека со тоа многу ќе се оштети Буџетот, затоа што никој во оваа држава, ниту премиерот, ниту министерот за финансии не сакаше да одговори колку се тие средства, од кои ставки во Буџетот ќе се користат и колку во иднина би можеле да не чинат. Ова го зборувам најмногу заради тоа што премиерот вети дека ќе ги реши прашањата за стечајците, меѓутоа сега им кажува дека нема пари за нив, а од друга страна има пари да им се враќаат имотите, да им се отплаќаат кредитите кои што министрите од странство ги земале за да си купат имоти во странство. И, тоа е чиста хипокризија. И, никој нема да ви поверува во вашата искрена намера за решавање на вакви прашања, заради тоа што го направивте тоа што го направивте. Уште повеќе заради тоа што никој не може да одговори колкава бројка ќе биде ангажирана од такви луѓе. Бидејќи, министерот Славевски рече дека на тој начин ќе сме помогнале младите од дијаспората да се вратат во државата, јас и тогаш ги повикав и сега ги повикувам да се вратат, заради тоа што дополнително со членот 3 во Предлог измените кои што ги предлагате, повторно давате предност на оние кои што имаат покрај професионално менаџерско искуство, да имаат и меѓународно искуство. Значи, имаме континуирано потценување на младите кадри кои што се образувале во државава. Имаме од една страна тврдење дека со тоа што ние ќе ги ангажираме младите од странство, во овој случај и во Агенцијата по пат на јавен конкурс дека со тоа ќе ги принудиме или ќе им овозможиме на младите да се вратат назад, а од друга страна не сфаќаме дека е порака на младите кои што се образувале тука и кои останале да работат тука и кои што имаат исто така и професионално и менаџерско искуство да бидат понерамноправни со оние што доаѓаат од надвор и имаат меѓународно искуство, заради тоа што интенцијата на Владата е таква и уште повеќе заради тоа што интенцијат на

Владата е да ги плаќа нивните имоти, за одржување на тие имоти во странство. Со тоа нема да ја намалите, туку напротив ќе ја зголемите интенцијата на одлив на мозоци, заради тоа што секој млад човек, ќе рече, добро, ќе отидам во странство и моето меѓународно искуство ќе ми помогне, барем во мандатот на оваа Влада, подобро да дојдам до некоја позиција, министер, заменик министер, член на Агенција за електронски комуникации или ќе видиме какви се предлози ќе имаме. А, тоа дополнително ќе го оштети Буџетот, заради тоа што секој нов што ќе дојде и ќе прикаже дека има имот во странство, ќе бара согласно Законот за извршување на Буџетот Владата да утврди средства со кои што ќе му се одржува неговиот имот во странство.

Да не дожам многу, заради тоа што претседателот вети меѓу другото и вчера дека откако ќе заврши оваа точка или откако ќе прекинеме со работата на Собранието заради приоритет, ќе продолжиме со седнцата на која што ќе го разгледуваме законот, кој што е во интерес за стечајците. Јас и покрај тоа шт можам уште долго да зборувам за оваа точка на дневен ред, ќе го прекинам моето излагање тука, заради тоа што сметам дека доволно аргументи кажав зошто се контрадикторни прилично побудите и решенијата што ги нуди овој Закон и ве повикувам, вас, претседателе, да си го одржите зборот и да продолжиме со 12-та седница на која што ќе го разгледуваме Законот за стечајците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Таков збор никогаш не сум дал.

Процедурално се јави Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Со оглед дека немаме можност со техниката да се пријавуваме и за збор и за процедурално, претходно бев пријавена за збор, меѓутоа меѓу време се пријавувам процедурално. Со оглед дека имаме договор со стечајците веднаш по завршувањето не на оваа точка, туку на претресот да се сретнеме со нив, еве, јас се откажувам од дикусијата по оваа точка. Ги замолувам сите колеги пратеници да се откажат од дискусиите и да ја направиме средбата со стечајните работници, за да не стојат надвор бидејќи долго време се таму, да слушнеме што тие сакаат да слушнат од нас, да поразговараме со нив, а потоа од 15,00 часот да ја продложиме седницата. Значи, во овој момент јас би побарла да се закаже средбата со стечајните работници, затоа што навистина долго време го бараа од нас и ако друго не можеме да направиме за нив, барем можеме во овој момент да се откажеме од понатамошните дискусии и да ја оствариме оваа средба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Госпоѓа Весна Јаневска, господин Павле Трајанов и господин Алекасандар Николовски дали го прифаќаат овој предлог да се откажат од репликите.

Реплика има Јаневска Весна.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, околу 2000 луѓе стојат пред Собранието и јас со госпоѓа Валентина Божиновска досега бевме со нив. Треба да излезете и да видите што се случува надвор, каква е таа ситуација и што тие луѓе бараат. Сметам дека е неморално да се продолжи било каква седница пред да се состане претседателот на Собранието со координаторите на пратеничките групи и да ги ислушаме луѓето. Толку барем заслужиле да ги ислушаме. Законот е поднесен и тој треба да дојде на дневен ред, без оглед на тоа каков ќе биде исходот. Барем треба да им понудиме опција на тие луѓе и Владата сериозно да се позанимава со прашањето кое е државен проблем и е личне проблем на тие луѓе кои се жртви на транцицијата во Република Македонија. Покрај тоа што бевме таму јас и Валентина Божиновска, луѓето ги бараат Силвана Бонева, Илија Китановски, Лилјана Поповска и ред други Тито Петковски и сите оние кои на времето им ветувале дека ќе гласаат за овој закон, а сега отстапуват од сето тоа. претседателе барам пауза и доколку постигнеме било каков договор со луѓето во 15 часот да ја продолжиме седницата. Доколку не да се позабавиме малку повеќе со нив, да направиме сериозен договор и после тоа да продолжиме со било каква работа на Собранието. Не е чесно, не е фер, не е морално, понижувачки е да чекаат на прием за решенијата на проблемот ќе се договараме. Меѓутоа, 2000 луѓе на овој студ да стојат таму, а не гласале сите нас, некои мене, некои вас другите. Не е битно, тоа се луѓе кои живеат во оваа држава. Проблемот на вработувањето државава некако мора да го реши. Ќе почнеме од стечајците. Има ли проблем да разговаме со луѓето.Ве молам, барам итно да се прекине седницата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, разговарано е со нив, не чекале, беа примени, да не чукаме на отворени врати, но јас ја сфаќам целата ургентност на ситуацијата. Јас им ветив дека многу скоро ќе бидат примени од координаторите. Јас ги повикува во оваа прилика сите координатори да ја исползуваме паузата што ќе ја дадам до 14,00 часот, а од 14,00 е пауза за ручек, да дојдат во сала 2 каде што ќе имаме средба со нив. Но, пред да ја дадам таа пауза, должам збор на министерот.

Процедурално се јави пратеникот Александар Николовски, па потоа процедурално ќе се јави министерот, па потоа ќе направиме пауза и поминуваме на средба со координаторите со луѓето кои демонстрираат, со стечајците. Повелете.

**Александар Николовски:** Јас сакав да реагирам процедурално во насока на ефикасност на дискусијата, а не во насока на популизам, како што за жал се случува тука во Парламентот.

Би ги замолил колегите пратеници да се држат до темите, односно до точките на дневен ред. Ако разговараме за предлог за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации со Предлог на закон, тогаш тоа е точка на дневен ред, а не одлив на мозоци, не плати на министрите и на кој начин ќе бидат платени министрите, а уште помалку е тема кој, како и што направил во изминатиот период за таканаречените стечајци. Така што, би ги замолил и колегите пратеници и вас да се држиме до точките на дневен ред, затоа што може да ни се случи за секоја точка, за најбанална точка ние да разговараме за политички проблеми кои што не се тоа. За Законот за екологија да разговараме дали треба да се патат војници во Ирак или не, заради тоа што тоа ја загадува да речеме еколошката средина таму, така што можете во секој закон да најдете повод да разговарате за се друго што сакате, но за жал, не е така.

Уште една работа за која би сакал да реагирал е дека сум згрозен од популизмот кој што го гледаме овде денес во салата, а за жал не видовме дела. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Добра е оваа британска реакција како во Британскиот парламент и ми се допаѓа. А, што се однесува до некулкоте дигресии кои што ги допуштив кај госпоѓа Грковска, тоа нека се атрибуира на мојата недемократичност.

Сега има збор министерот. Ме молам да не губиме време сега говоревем дека е итна средбата со стечајците.

Уште министерот да зборува и одиме на средба со стечајците. Го кршам Деловникот заради стечајците.Министерот е предлагач и има збор секогаш.

Повелете гоподине министре.

**Миле Јанакиевски:** Претседателе, јас во интерес на времето ќе дискутирам само 30 секунди и би ве замолил ако може да заврши оваа расправа, а потоа координаторите на пратеничките групи да си ја извршат својата функција. Јас очекував и лично ја почитувам госпоѓицата Грковска и се надевав дека таа ќе биде идната генерација на СДСМ на млади кадри со кои ќе можеме да рачунаме на конструктивна опозиција, во оваа прилика можам да истакнам дека јас сум човек кој лично ги подржува сите хуманитарни активности. Можам да ви кажам дека Министерството за транспорт и врски во оваа година потроши 0 денари за таа хуманитарна акција, но Миле Јанакиевски од свои лични средства даде средства и мислев дека ќе најдам хумани луѓе во составот на пратеничките групу кои ќе бидат спремни да издвојат дел од својата плата за да се изгради милиниумскиот крст на Скопје кој е симбол пред се на христијанството, не на градот Скопје. Оваа активност беше моја лична како Миле Јанакиевски и јас сум член на управниот одбор на миолиниумскиот крст и се надевам дека оваа година ќе се изгради милениумскиот крст кој 4 години, за жал, не беше ни чепнат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Претседателе, јас си извинувам и морам процедурално да реагирам. Уште еднаш да ја потсетам Владата во само бендисаноста да престане да ги опоменува и да ги етикетира пратениците. Се наоѓаме во Собранието, каде што Собранието пратениците и вие како претседател ја диктирате агендата и тука сме ние оние што одлучуваме како ќе зборуваме, што ќе зборуваме и како ќе правиме. Јас не можам да се изначудам дека секој ден слушаме критики и коментари од министрите и не подучуваат како ние да се однесуваме. Ве молам да ги заштитите сите пратеници, во овој случај пратеничката Славица Грковска од ваквите навистина надвор од било кој Деловник коментари, со што само ја докомплицираат целата работа во која што се наоѓаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ги молам координаторите во сала Охрид на 5 минутна средба со мене, па процедираме со стечајците.

(Пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 16,00 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите месата.

Продолжуваме со работа.

Имаше контра реплика Славица Грковска на репликата на министерот.

**Славица Грковска:** Претседателе, јас се надевам дека министерот и покрај тоа што не е на седницата, дека ќе ја слушне контрарепликата. Несогласувањата политички, или како сакате како пратеници на одредени решенија на некои закони да се сведат на лично почитување, или непочитување само зборува за демократскиот капацитет кој што владеачката гарнитура го има во моментот. Ние можеме да имаме различни ставови по одредени политички прашања, меѓутоа тоа не значи дека не треба и дека не смееме да се почитуваме едни со други. Инаку, многу е индикативно тоа што министерот се најде погоден да реплицира само на темата за милениумскиот крст. Очигледно дека немаше контра аргументи по другите прашања.Само сакам да напоменам дека доколку како личност министерот ги пратил поканите, тогаш немаше на поканите кои што ги добија сите пратеници во овој собраниски состав да стои печатот на Министерството за транспорт и врски како што беше во овој случај.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сакам само да реплицирам на пратеникот госпоѓица Грковска во насока на тоа што мислам дека Парламентот постојано се користи за ослободување од негативната енергија која што верувам дека е присутна кај сите пратеници. Мислам дека тоа не е во функција на конструктивна расправа кога имаме одделни точки кои што се битни. Во оваа насока можеби ќе беше добро господине претседателе, бидејќи седницата беше прекината на барање, на предлог на голем број пратеници дека е одржан тој состанок и можеби е добро на некој начин да ја информирате јавноста што е договорено на тој меѓупартиски состанок кој беше инициран. Така што во оваа насока сакам да укажам на следното, дека состојбта во која се наоѓаат голем број на работници кои што се сега на улица, дека пред се тие состојби се резултат на олигарсите во оваа држава, на тајкуните, на неодговорните и доста лакоми политичари кои што многу малку водеа сметка за тоа во која насока се движи Република Македонија и дека не е можно за три, или четири месеци да се разрешат сите проблеми вклучително и проблемите сврзани со стечајците, како и со 400 илјади невработени. Во таа насока мислам дека треба да се бараат разумни, реални и прифатливи решенија и во таа насока очекувам во текот на оваа недела да се предложи решение кое што ќе биде во функција на надминување на состојбата со оние кои што се на улица.

**Љубиша Георгиевски:** Тука сум должен да дадам и едно објаснување и една информација релевантна, дека со намера да се излезе во пресрет на стечајците кои демонстрираа пред Парламентот. Тие беа примени 30 души од страна на координаторите и на таа седница која траеше околу 40-тина минути се донесе решение во рок од пола час да бидат известени кога ќе биде ставена на дневен ред 12-та седница, односно точката 24 од таа седница. Тие беа известени пред 10 минути дека тоа ќе се случи во вторник, следниот вторник. Така се заврши тој прв дел од нашето контактирање како би го нарекол со граѓаните кое треба да е почесто кај сите нас за да не доаѓа евентуално до такви настани.

Пратеникот Славица Грковска има контра реплика на излагањето нан господинот Павле Трјанов.

**Славица Грковска:** Мислам дека ова не беше во склоп на реплика. Може да се сврсти во склоп на реплика на моето излагање. Доколку беа искрени намерите за дебатирање на Законот што ќе ги реши проблемите на стечајците, тогаш јас ќе го повикам господинот Павле Трајанов да гласа за нашиот предлог да се прекине оваа седница и да дебатираме веднаш за тој закон, или пак да го искористи своето влијание во парламентарното мнозинство и да ги убеди останатите пратеници од парламентарното мнозинство, наместо да дискутираме за Агенција за електронски комуникации, за закон за празници и за Деловник итн., да се фокусираме на овие закони што се одраз на реалните проблеми што ги имаат граѓаните. Не можам да се согласам дека Парламентот се користи за ослободување на негативна енергија од пратениците. Доколку таква интенција имаат некои пратеници од парламентарното мнозинство, мене ми е многу жал, затоа што парламентот е многу посериозна институција од тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, иако вообичаено никогаш не се јавувам за збор два пати по една иста точка. Чувствувам за потребно да се јавам и да кажам, или да дообјаснам нешто што овие два дена дебатираме. Имено, Комисијата за транспорт, врски и екологија на 20 декември 2006 година онака како што го кажа тоа и колешката Катерина Димеска заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, заедно со амандманот предложен од Комисијата. За амандманот верувам дека ќе зборуваме кога ќе дојдеме до амандманската расправа. Имено, чувствувам за потребно да кажам дека министерот мислев вчера во своето излагање дека направи еден лапсус, меѓутоа бидејќи и денеска го повтори, за волја на вистината како сегашен претседател на Комисијата за транспорт врски и екологија, а во претходниот состав на Парламентот бев член на Комисијата за транспорт и врски, дека Комисијата за транспорт и врски на 31 март 2006 година ја разгледа Предлог одлуката за одобрување на годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2006 година. Во своето образложение претседателот на Комисијата за електронски комуникации накратко го образложи извештајот за работата на Агенцијата за електронски комуникации за периодот од 1.07.2005 година до 31.12.2005 година. Претседателот на Комисијата го образложи извештајот за извршување на финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации како обврска која произлегува од Законот. Беше укажано дека отпочнувањето со работа на Агенцијата се совпаѓа со усвојувањето на ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година поради што истата беше вклучена во ребалансот како следбеник на Управата за телекомуникации. Поради ова Агенцијата своето финансово работење во наведениот период го извршуваше преку потсметки во рамките на трезорската сметка во согласност со одредбите на Законот за сметководство, за Буџетите и Буџетските корисници, иако според Законот за електронски комуникации Агенцијата е независно и регуларно регулаторно тело кое што самостојно и непрофитно работи сoглансо јвните

овлалстувања и нема статус на орган на државна управа, односно не е буџетски корисник.

Почитувани колеги, мислев дека ова е дел од записникот, односно извештајот на таа Комисија и мислам дека ова ќе допринесе на сите нас да ни биде јансо зошто Парламентот не расправал за годишниот извештај на Агенцијата. Тоа не е грешка на Агенцијата туку претпоставувам на службите во Парламентот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Ќе се обидам да бидам прилично краток и да го изнесам своето размислување околу донесувањето на овој закон. Кога во минатиот состав на претходниот парламент го носевме овој закон пратеничката група на Либерално-демократската партија, иако тогаш беше една од партиите која што поддржува. Владата имаше голем број амандмани на тој тогашен закон и одредени барања. За жал и тогаш не поминаа, а и сега гледам дека во Министерството за транспорт и врски нема расположение за една поширока дебата.

Основното прашање според мене тука е многу јасно. Пред се, сметам дека има еден круг на луѓе кои што работеле со години наназад во Министерството за транспорт и врски, еден круг налуѓе за кои што не може да се каже дали се од оваа, или од онаа партија. Но, очигледно големиот финансиски колач кој што е во оваа област тој круг на луѓе диктира во изминативе години она што ни се случува со електронските комуникации кај нас и посебно во областа на телекомуникациите. Дел од тие луѓе беа уште кога се продаваше Телеком, кога се потпишуваше концесискиот договор, кога Македонија создаде монопол во оваа област и кога како резултат на тоа и ден денес плаќаме толку високи цени на услугите. Се гледа дека тие лоби групи се премногу јаки. И во таа насока оди и сегашниот предлог на Законот кој што има за цел само едно, според мене, да ја промени Комисијата за електронски комуникации и кој што има една единствена цел да има силно влијание во оваа сфера каде што се располага со огромни финансиски средства во овој дел. И затоа мислам дека не е добар начинот на кој што се предлагаат измените со овој закон.

Второ, многу е дискутабилно и проблематично, знаете вие и на онаа седница кога еднаш Владата го повлече овој закон, иако тогаш не го повлече процедурално и од страна на претседателот господинот Георгиевски тогаш се направи една неделовничка активност и како резултат на тоа денес го имаме предлогот на овој закон. Тоа е првиот дел.

И вториот дел, она што сакав да го отворам овде како прашање, е прашањето за усогласеноста што на претпладневната сесија господинот Макрадули го покрена, околу усогласеноста со законодавството на ЕУ. Ние сме во фаза кога сме кандидат за членство во ЕУ и настојуваме сите закони кои што ги носиме во ова Собрание и измени на законите да бидат во склад со директивите на ЕУ. За таа цел во минатиот состав на Парламентот кога се формира Комисијата за Европски прашања, сите закони ги разгледуваше Комисијата за Европски прашања и кон сите закони имавме додаток кои што беа од надлежните министерство кои што ги предлагаа законите и од Секторот за европски интеграции каде што имаше посебно елаборирање за усогласеност на законите со директивите од ЕУ. Овој парламентарен состав тоа не го практикува и тоа не е добро. Овој парламентарен состав нема ниеден пишан документ со некој закон предложен од Владата, дали законите кои што ги предлага Владата се усогласени со директивите од Европската Унија или не се усогласени. Овој парламентарен состав не практикува да има став на Комисијата за Европски прашања по која што Комисијата ќе се произнесе дали тој закон е во склад со критериумите на ЕУ и директивите, или не е. Оттука се отвора сомнежот кој што не мора да е точно, но ќе повторам, се отвора сомнежот дали Владата намерно не нидоставува со предлогот на законите и мислење од надлежното министерство и од Секторот за Европски интеграции, дали предложените закони се усогласени со директивите на ЕУ. Иако парламентарното мнозинство не го усвои предлогот на господинот Макрадули Комисијата за Европски прашања да расправа по овој закон и се обиде преку одредени пратеници од Комисијата за транспорт и врски да каже дека на Комисијата за транспорт и врски претставникот рекол дека се усогласени со ЕУ. Извинете, но јас повеќе на збор на никого не му верувам. Ако јас како пратеник овде гласам за одреден закон и за да гласам со чиста совест, за мене е релевантна само постоењето на документ од надлежните министерства и извештај од Комисијата на Европски прашања онака како што налага и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Од тие причини сметам дека е најдобро овој закон дали сега во текот на расправата, но пред да преминеме на гласањето за предлогот за донесување на закон од Комисијата за европски прашања да добиеме извештај дали Комисијата на Собранието на Република Македонија за Европски прашања смета дека е во склад со директивите на ЕУ.Второ, од Министерството за транспорт и врски сигурно контактирале со надлежните тела од ЕУ што ги усогласуваат ново предложените закони. Исто така, да ни достават писмено мислење, односно писмен извештај дека овој акон е во склад со критериумите и директивите на ЕУ и дека тие при донесувањето на овој закон ги имаат усогласено своите ставови со надлежните институции.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас се извинувам што повторно се јавувам. И од дискусијата на министерот и од она како се одвиваше денеска текот на седницата, уште еднаш да изразам жалење, затоа што господинот Петковски го стави парламентарното и мнозинство во една непријатна ситуација да не го прифати предлогот за Комисијата за Европски прашања да го разгледува овој закон. Ќе беше многу поедноставно господинот Петковски согласно Деловникот како обврска што го има да го постави овој закон на разгледување. Но, очигледно кога во текот на изборите ќе ветите дека на стечајците ќе им давате плата од 8000 денари. Денеска веројатно најдалеку е од Собранието господинот Петковски. На тој начин парламентарното мнозинство се стави во една позиција да одлучува, дали некој закон треба, или не треба да биде ставен на дневен ред на Комисијата за Европски прашања, а тој мора да биде ставен на дневниот ред на Комисијата за Европски прашања.

Затоа што, можеби министерот или заменикот во овој случај, овде дал образложение на Комисијата за транспорт и врски, но јас имам поинакви информации. Не се среќни во Европската комисија, посебно во директоријатот на Телекомуникации, или пак можете да отидете на 150 метри од Собранието, тука е зградата на Европската комисија и да прашате дали тие со воодушевување гледаат на ваквиот предлог за измени на Законот каде се прави обид за партиски упад во едно независно регулаторно тело. Зошто не се среќни? Затоа што во директивите на Европската унија, во директивите што се однесуваат за национални и регулаторни власти, во член 3 се вели дека земјите членки ќе осигураат дека секоја од задачите назначени до националните регулаторни власти од оваа директива и посебните мерки, ќе бидат преземени од компетентно тело. Земјите членки ќе ја гарантираат независноста на националните регулаторни власти, дека со сигурност истите се легално делени и се функционално независни од сите организации кои обезбедуваат мрежи на електронски комуникации, опрема и слично. Земјите членки ќе обезбедат националните регулаторни власти да ги практикуваат своите овластувања, непартиски и транспарентно. Или, како што во Извештајот од Европската комисија стои во заклучокот дека македонските власти сега се соочуваат со нови предизвици за спроведување на подзаконските акти. На регулаторниот орган треба соодветно да му се доделат овластувања и ресурси, а треба да се обезбеди негова политичка независност. Значи, ние можеме, реков, со трик решенија да си поставиме свои луѓе на одредени позиции и со тоа да ги задоволиме апетитите, што видовме на последниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Битола, не е баш...

Јас ќе ве молам, знам дека е напредната технологијата и сите користат мобилни телефони, но ако тоа треба да ми биде мене сараунд на говорот, тогаш секој во иднина да си знае да дојде со соодветна опрема овде, потпретседателе.

**Иван Анастасовски:** Што ви смета сега тоа?

**Јани Макрадули:** Добро, ако вие не слушате, има овде сараунд некој пуштен од мобилен телефон, има некој нов телефон и сега интересен му е и си игра.

**Иван Анастасовски:** Добро, вие продолжете. Тој ќе го намали саранудот и нема да ви смета. Продолжете вие.

**Јани Макрадули:** Тоа е доказ дека е регулиран овој пазар во Македонија, либерализиран. Сите пратеници не по еден по три телефони имаат и да не се чудиме зошто одвај од два еден убедија одвај во Австрија да се јават луѓето, бидејќи се во Бугарија тука блиску, да конкурираат на тендерот за трет мобилен оператор.

Она што го нема во овој момент, тоа е делот на мислењето од Европската комисија. На крајот на краиштата, реков и од претставништвото овде, сосема легитимно би било тоа, министерот изнесе и некои други податоци во својот говор односно повеќе беше реплика, што апсолутно не соодветствува на она што правиме муабет. Значи согласно предлог-измените кои се однесуваат на функционалноста на Агенцијата за електронски комуникации, надлежностите и она што тие треба да го направат согласно Законот или член 10.

Од друга страна, господине Јанакиевски, реков во таа пијар компанија во која се наоѓа Владата и третирајќи го Собранието како судница, читаше ревизорски извештаи од 2004 година за активностите на Управата за телекомуникации.

Уште еднаш да потсетам дека со донесувањето на Законот за електронски комуникации и влегувањето на истиот закон во сила од 5 март 2005 година, се создаде правна рамка за основање на Агенцијата за електронски комуникации, како независно регулаторно тело во областа на електронските комуникации. Агенцијата официјално започна со работа на 1.7.2005 година и за тоа дел од коментарот односно извештаите и активностите поврзани со Агенцијата и господинот Ќуркчиев пред малку зборуваше.

Она што не беше кажано, а се повикува на работата од Управата за телекомуникации во 2004 година која тогаш била во составот на Министерството за транспорт и врски, со законските измени Агенцијата доби друг субјективитет односно Агенцијата не е корисник на средства од Буџетот на Република Македонија односно истата се самофинансира, што е целосно во согласност со препораките на Европската унија

и решенијата што се применуваат во земјите членки на Европската унија.

Средствата за финансирање на работењето на Агенцијата се обезбедуваат од средствата остварени од приходите од надоместоците, предвидени со Законот за електронски комуникации, како што е надоместокот за користење на радиофрекфренции, користење на броеви, серии на броеви, надзор и т.н.

Агенцијата финансиското работење самостојно почна да го врши од 1.7.2005 година и тие извештаи или работата за 2006 година, беше кажано од претседателот на Комисијата за транспорт и врски, Ќуркчиев, дека согласно член 10 истото е направено и во Комисијата за транспорт и врски. Затоа тоа што го пишува или што го зборува министерот, а го пишува во стенографските белешки во 2004 година што се случувало, да повторам субјект е Управата за телекомуникации во состав на Министерството за транспорт и врски и е буџетска ставка во рамки на Буџетот на Република Македонија каде целата контрола оди во рамки на Министерството за транспорт и врски.

Понатаму, втората дилема која сакам да ја коментирам во однос на излагањето на господинот Јанакиевски е тоа дека Управата не пресметала годишен надоместок за користење на радиофрекфренциите. Неколку амандмани, не само јас и господинот Балковски, се сеќавам, имавме, таа одредба да се смести во Законот затоа што, да потсетам Уставниот суд ја укина Одлуката што ја имаше направено министерот за транспорт и врски, тогаш во 2002 година, Балковски, за определување на висината на надоместокот за радиофрекфренции. Значи Уставниот суд го поништи и остана еден вакуум каде не можеше или не се изнајде правно решение што ќе ги задоволи сите страни или сите барања согласно законските прописи во Република Македонија. Затоа Уставниот суд се произнесуваше тогаш дали е тоа услуга, дали е тоа јавна давачка и т.н., не сакам да коментирам и инсистиравме и тогаш неколку пратеници, за жал не се прифати, тоа да се регулира внатре во Законот за електронски комуникации, затоа што регулаторот не е буџетски субјект. Тој има толку пари колку што му требаат за работа. Значи тоа е институција што не прави профит, туку прави финансиски план. Тоа е непрофитна организација, тој план го доставува до Собранието и тој работи врз тој план. Не може да направи екстра профит и потоа со тие пари тој да работи нешто друго. Затоа и сега ќе беше подобро тоа да биде во Законот вметнато, но потоа откако се изрегулираа тие работи, Агенцијата си го презеде, согласно обврските што ги има.

И реков за Европската комисија, извештајот фали.

И она што на крај сакав да го кажам, тоа е дека амандманот што го поднесе Владата за продолжување на рокот за користење на радиофрекфренциите од 10 до 20 години, што претпоставувам дека е заради тоа да се убеди третиот мобилен оператор, бидејќи во тендерот постоеше варијантата 10 плус 10, значи 10 години сигурно ќе бидете корисник, а 10-те години се потоа процес на преговори и за да не дојде до таа варијанта, да се убедат австријците да дојдат, се понуди амандман за продолжување на тој рок на користење на радиофрекфренциите од 10 до 20 години. Но, министерот вели дека тоа не е заради третиот мобилен оператор, туку заради усогласување со концесиските договори. Тоа значи дека ги усогласил некој концесиските договори, но тоа не знаеме ние. Ако станува збор за инвестиции или за приватизација од 350 милиони евра, што значи тоа што некој продолжил да користи уште 10 години, дали е и тоа до крајот на важењето на концесијата, или не односно дали навистина е извршено, како што вика министерот, усогласување со концесиските договори, или тоа е еден чекор плус во процесот на усогласување на концесиските договори, што реков доцниме и тука, без разлика што е заменикот министер, можеме да добиеме одговор, бидејќи во овој момент имаме дилема дали Владата за тоа добила некои пари, дали е тоа пишан документ дека има усогласување на концесиските договори, па им се продолжува 10 години, за тоа можеби Владата не добива ништо и ќе остане дилема во јавноста. Затоа, да завршам, има многу причини за кои пратеничката група на СДСМ наиде на аргументи да не ги прифати овие предлог измени и пратеничката група на СДСМ ќе гласа против дури и потребата од донесување на овој закон кој, за жал, уште малку ќе не оттргне од патот кон Европската унија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Благој Зашов.

**Благој Зашов:** Господине потпретседателе сакам да реплицирам во делот на излагањето на господинот Макрадули кога рече дека претседателот на Комисијата за европски прашања не прифати да расправата за овој предлог на закон. Всушност, сакав да дадам објаснување дека не се работи за прифаќање или неприфаќање од страна на Комисијата за разгледување на овој предлог закон, туку овде беше гласање дали тоа да се упати на таа Комисија или не. Комисијата не мора по секоја цена да ги прифаќа сите закони и да ги разгледува, кои имаат некоја европска димензија. Во меѓувреме, иако се гласаше, јас лично добив известување дека Министерството за транспорт и врски имало писмена комуникација со Европската комисија и оттаму е добиен позитивен одговор во поглед на измените на овој закон. Веројатно поради тоа дообјаснување е дадено на седница на Комисијата за транспорт и врски, и од таму и немало потреба да се разгледува и на Комисијата за европски прашања. Токму заради тоа и овде се гласаше и се помина така како што помина гласањето.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Јас ќе го повторам тоа што го реков.

За жал, господинот Петковски ги стави во непријатна ситуација пратениците од парламентарното мнозинство, да гласаат за нешто што тој сосема легитимно и согласно Деловникот мораше тоа да го направи. Господинот Петковски како претседател на Комисијата за европски прашања, треба да го добие мислењето од Европската комисија и го повикувам господинот Зашов да му пренесе, бидејќи зборува во негово име и да провери дали навистина тоа е така или не. Но, во случај кога надвор има стечајци на кои им ветил 8.000 денари, за време на кампањата, не ни очекував денес да се појави и да закаже седница на Комисијата, што не зависи од мнозинството, туку тој е претседател и треба да има осет што значи европска комуникација и Европска унија, па да ги тера работите како што треба, а не да се крие.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега Макрадули.

Јас само едно појаснување. Имено, членот 143 од Деловникот кажува дека може, а не дека мора да биде ставено на тело кое не е надлежно за одредено прашање. Значи може. Тоа не е обврзувачки и претседателот на Комисијата така одлучил.

**Јани Макрадули:** Тоа е проблем што господинот Петковски е претседател на Комисија за европски прашања и му треба време да се научи на европските норми и критериуми.

**Иван Анастасовски:** Благодарам

Процедурално за збор се јави госпоѓа Мирјана Секуловска.

**Мирјана Секуловска:** Господинот Јани Макрадули сигурно го познава добро Деловникот за работа на Собранието и ме чуди, бидејќи претседателот на Комисијата за европски прашања, господинот Тито Петковски не е присутен денес, најавен е во оправдано отсуство, постојано го експлоатира неговото име, што не е коректно. Господинот Петковски не е присутен на денешната седница и не треба да биде спомнуван, штом не е присутен. Тоа како прво.

Второ, јас мислам дека ваше сценарио е тоа што стечајните работници се надвор,точно во време кога во Собранието претседаваше Мешовитиот европски парламент. Значи точно е дека вие тоа го имавте организирано и не заборавајте дека само до пред 4-5 месеци во ваши раце беа инструментите и мерките, да го решите проблемот на невработените односно статусот на таканаречените стечајни работници. Вие тоа не го направивте. Оставете, сега оваа Влада има сериозни проекти на тој план. Оваа Влада има сериозни намери да го реши проблемот на статусот на невработените по однос на стечај, а стечајот како стечај е продукт односно стечајните работници практично се продукт на моделот на приватизација кој го спроведе Владата предводена од СДСМ, а не оваа Влада. Меѓутоа оваа Влада и ова парламентарно мнозинство ќе најде решение за статусот на невработените по однос на стечај. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Во првиот дел можам да се согласам дека забелешката е коректна, бидејќи господинот Петковски е уредно пријавен за отсутен, а беше спомнуван во одредени конотации.

Меѓутоа за Законот за стечај мислам дека апсолутно е надвор од темата и не е некоја процедурална забелешка. И колегата Макрадули исто така навлезе во тој проблем што мислам дека не е коректно по однос на оваа точка да говориме за тоа.

Колега Макрадули, вие барате збор?

Повелете, имате збор, по трет пат.

**Јани Макрадули:** Бидејќи претходниот коментар не беше процедурален и не беше реплика, јас ќе го употребам како збор.

Значи, јас не сум виновен што процесот за приватизација се одвивал кога била Владата на Црвенковски, а претседател на Собрание бил Тито Петковски. Што имаме сега фајде од тоа? Ниту ќе ја зголемиме либерализацијата, ниту ќе ја подобриме конкуренцијата во мобилната телефонија. Со таа реторика и со враќање назад ништо не сме направиле. А ако не смееме да споменеме претседател на Комисија за европски прашања, за закон кој се разгледува овде што е висок приоритет во агендата на Европската комисија, за жал не е во Македонија, тогаш влегуваме во вода на она што се заложби согласно Деловникот што ќе почнеме после да го разгледуваме, во диктатура и во терор на мнозинството врз малцинството овде што сме во Собранието. Останавме уште две пратенички групи со политичките партии од етничките заедници. Веројатно ќе се направи притисок и ние да излеземе надвор од Собранието, но тоа нема да и помогне на Република Македонија. Јас ве уверувам, ова однесување и оваа реторика во 1994 година кој бил виновен, ќе не однесе односно ќе не врати, нема да не однесе никаде. Не можам да сфатам, пратениците живеат во еден сон кој е изборен и маркетиншки. Правиме муабет за конкретна работа, за Законот за електронски комуникации, има ли позитивно мислење или нема, ќе го определи Комисијата за европски прашања. Тоа не е прашање на избор или може. Некој што е одговорен, ќе направи да мора. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување

на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации.

Пред да преминеме на гласање ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, да влезат бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците на седнат на своите места, а истовремено ги молам службите да го утврдиме бројот на пратеници кои се присутни во салата.

Бидејќи во салата немаме доволен број на пратениците за да пристапиме кон гласање, а воедно 20 пратеници се уредно пријавени овде за отсутни, кои најверојатно се и надвор од државата, овде ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 12,00 часот.

По завршувањето на оваа седница ќе почнеме со нова 29-та седница на Собранието на Република Македонија каде ќе разговараме за Деловникот на Собранието.

(Седницата прекина со работа во 17,06 часот)